27147

Нова Македонија, Скопје, 26. XII. 1980, 12187, 10,

## КРИТИЧКИ МОМЕНТИ

# ДЛУМ–ОВА ЕСЕН

### ● ПО ПОВОД XXXV-ТА ГОДИШНА ИЗЛОЖБА НА ДРУШТВОТО НА ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА ВО МСУ ВО СКОПЈЕ

Станува сосема вообичаено за ревијалните изложби на ликовните уметници да се пишуваат негативни критики. Кога успехот на изложбите би се мерел по бројот на учесниците, тогаш ДЛУМ-овата традиционална и ревијална изложба би била, визуелно, успешно реализирана манифестација. Меѓутоа, квалитетот на една изложба не се одредува единствено по механичкиот збир вредности или пак по начинот на кои тие се презентираат, туку се применуваат и поинакви мерила при оценката на успехот или неуспехот на еден ваков ликовен потфат.

Традиционалната и ревијална изложба на Друштвото на ликовните уметници на СР Македонија (ДЛУМ), е најголема годишна изложбена манифестација во градов, која ги собира сите членови на Друштвото без оглед на нивните ликовни достигања во дадениов момент. Изложбата ја содржи вообичаената содржинска категоризација: сликарство, графика и скулптура, со учество на стотина излагачи и околу 200 изложени дела. Јасно е дека при ваквата ситуација не е можно да се бараат некакви карактеристики на сите учесници, бидејќи целата група е хетерогена и во поглед на ликовната носоченост и по генерациската разлика.

Сите излагачи се самостојни ликовни творци кои се разликуваат по своите потенцијални квалитети и продуктивност, такашто впечатокот и сознанието за сегашниот момент на разновидните ликовни преокупации кај нас може само условно да бидат прифатени. Овие изложби се поставуваат без одредена концепција, со релативно ограничена застапеност на бројното членство, а пред сѐ во отсуство на извесен број афирмирани ликовни уметници, со што, барем привидно, опаѓа репрезентативноста на изложбата. Нема никаква смисла истото да се повторува секоја година, а не е лесно ниту да се одреди кој е виновен за тоа што опаѓа интересот кај уметниците за ревијалните изложби.

Посебно е непријатно што на ваквите ситуации се надоврзуваат и други моменти како што се: условите за изложбен простор, а уште повеќе материјалните можности на Друштвото, кое веќе неколку години обезбедува само информативен каталог. Ова дотолку повеќе што годинава бележиме 35-годишно ликовно дејствување.

Се чини во оваа прилика нема потреба да се навлегува во некаква посебна анализа за квалитетот на изложените дела, но не заради тоа што нема квалитетни ликовни остварувања. ДЛУМ-овата изложба станува пред сѐ врата за најмладата генерација и на неа може да се согледаат границите на една генерација која што е во конфронтација со веќе афирмираните ликовни вредности. Разбирливи се и сите тешкотии што произлегуваат од фактот дека изложбата треба да ги обединува сите разновидности на генерациите и стилските определувања на своите членови.

Креативноста на секој уметник одделно е прашање на индивидуалните типолошки разлики. Некои уметници плански ги градат своите дела, поаѓајќи од јасни идејни цели, а други пак ненадејно приоѓаат кон реализација на делото, препуштајќи се на сопствената спонтаност и емоционалност. Едни, се потпираат на субјективните визуелни впечатоци, не сакајќи да се оддалечат од виденото, наоѓајќи поттик за своето творечко ликовно дејствување во оптиката. Други поаѓаат од сеништата, поетската имагинација, односно надреалистичките визии. Нивната сила е во силата на нивната фантазија. Не е мал бројот и на оние со емоционално експресивни доживувања и чистота на својата ликовно изразна форма и наративност.

Изложбата најмалку ја прикажува вистинската состојба на скулптурата кај нас. Можеби најпрво тука почнува да се изразува залудноста да се излага на ревијалните изложби. Можеби скулпторите први ќе појдат кон нови широчини и содржини.

**Вера Даниловиќ**